# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 28 Февруари 2014 година<br>Службен гласник број 3<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email :prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ КАРНЕВАЛ “ПРОЧКА” ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал “ПРОЧКА” за 2014 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 503/1
28.02.2014 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (вСлужбен весник на РМг 62/2004, 89/2008,115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013 и 187/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (вСлужбен весник на РМг 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (вСлужбен гласник на општина Прилепг 6/2003, 4/2005 и 8/2011), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.02.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал „ПРОЧКА’’ за 2014 година .

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Меѓународниот карневал „ПРОЧКА” за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност.

Член 2

Продолженото работно време се однесува само за деновите: ПЕТОК и САБОТА пред денот на одржувањето на фестивалот и НЕДЕЛА кога се одржува Меѓународниот карневал „ПРОЧКА’’ во 2014 година.

Член 3

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР-УВР Прилеп, организаторот на карневалот, градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 07 – 501/2
28.02.2014 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

**С О Д Р Ж И Н А**
**на „Службен гласник на Општина Прилеп'' бр. 3 од 28.02.2013 година**

1. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал „ПРОЧКА'' за 2014 година ..................................Стр.1

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци